РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО

| Примено: | | | |
|---|---|---|---|
| Орг.единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 235/1 | | |

( Образец ПП……)

**До: Општина Валандово**
**(имател на информацијата)**

**Б А Р А Њ Е**

**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

Од: [redacted] со адреса на ул. [redacted] телефонски број [redacted]; е-маил адреса: [redacted]
(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)
Застапник / полномошник на барателот на информацијата: [redacted] Генерален секретар
(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:
**Дали во општината е формиран младински центар согласно со Законот за младинско учество и младински политики?**
**Доколку е формиран, бараме да се достават следните документи и информации:**

- **Одлука за формирање на младинскиот центар;**
- **Одлука за избор на граѓанска организација која ќе раководи со младинскиот центар;**
- **Извештај за работата на младинскиот центар за претходната календарска година (2024);**
- **Програма за работа на младинскиот центар за 2025 година;**
- **Податоци за издвоени средства од буџетот на општината за младинскиот центар за претходните 2 години, односно за 2023 и 2024 година, како и податок за предвидени средства за младинскиот центар за тековната, 2025 година.**

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- **г) електронски запис**
- д) друго ______________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил**
- д) друго ______________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Потпис**

**Во [redacted], 06.02.2025 година.**

_______________________________
**(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)**

Бул. Гоце Делчев бр.18 Скопје, П.Фах.561 / Bul. Goce Dellçev nr.18 Shkup F.P.561 / Blvd. Goce Delcev no.18 Skopje, PO.Box.561
Гоце Делчев бр.18 Скопје, П.Фах.561/Goce Delcev no.18 Skopje,P.O.Box.561 тел/phone+389 2 3127 465;+389 2 3118 038,факс/fax: 3114 695
Web: http://www.aspi.mk/ e-mail: aspi@aspi.mk
Web: http://www.komspi.mk/ e-mail: komspi@komspi.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Бр. 10-235/2
11.02.2025 год.
Валандово

Општина Валандово
Република Северна Македонија

Градоначалникот на Општина Валандово, постапувајќи по барањето за пристап до информации од јавен карактер, поднесено од [redacted] заведено под број 10-235/1 од 07.02.2025 година, врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ" бр. 101/19), член 50 став 1 точка 11 и член 63 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.05/2002), член 36 став 1 алинеја 5 и член 50 став 3 од Статутот на Општина Валандово, донесе

# РЕШЕНИЕ

## за усвојување на Барање за пристап до информации од јавен карактер

1. **СЕ УСВОЈУВА** Барањето за пристап до информации од јавен карактер, поднесено од [redacted] заведено под број 10-235/1 од 07.02.2025 година.

2. Информацијата од јавен карактер која се бара, Општина Валандово како имател, ќе ја даде преку овластеното службено лице за посредување при остварувањето на правото на слободен пристап до информации, во законски утврдениот рок и во бараната форма, освен ако информацијата веќе постои во однапред пропишана форма и е достапна на јавноста.

## Образложение

Постапувајќи по барањето, Градоначалникот на Општина Валандово, во согласност со одредбата од член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, утврди дека Општина Валандово е имател на информацијата од јавен карактер која се бара, па одлучи како во диспозитивот на Решението.

Поради причини од член 21 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, барателот може да поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер во рок од 15 дена.

**Градоначалник**
**на Општина Валандово**
Перо Костадинов
[redacted]

Изработил: Стефан Димитров
Контролирал: Владимир Лазов
Одобрил: Соња Христова-Јовановиќ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Бр. 10-235/3
11.02.2025 год.
Валандово

Општина Валандово
Република Северна Македонија

**До**

[redacted]

**Предмет:** Одговор на Барање согласно ЗСПИЈК

Почитувани,

Во врска со Ваше барање согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер поднесено на 06.02.2025 година, а заведено во Општина Валандово под архивски број 10-235/1 на 07.02.2025 година, Ве известуваме дека:

Во општина Валандово нема формирано младински центар согласно Законот за младинско учество и младински политики.

Со почит,

Општина Валандово
Службено лице за посредување
со информации од јавен карактер
Владимир Лазов

[redacted]

ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Ул.„Иво Лола Рибар" бр.3, 2460 Валандово
Тел. +389 (0)34/382-044
www.valandovo.gov.mk